# З А К О Н
# ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се утврдуваат прекршоците против јавниот ред и мир, прекршочните санкции, надлежниот прекршочен орган за изрекување на прекршочни санкции, посебните прекршочни мерки за повреда на јавниот ред и мир, како и постапката за приредување на огномет, факелијада или слични приредби.

### Член 2

Прекршок против јавниот ред и мир врши секој кој со своето однесување или постапка го нарушува мирот, работата или вообичаениот начин на живеење ги омаловажува, понижува и навредува граѓаните, на јавно место ја загрозува нивната безбедност или создава несигурност, го оневозможува непреченото движење на граѓаните на јавни места или го нарушува остварувањето на нивните права и обврски, ја попречува работата и извршувањето на надлежностите на државните органи и други институции кои вршат јавни овластувања, или вршењето на дејностите на правните лица или на друг начин го нарушува јавниот ред и мир.

### Член 3

Под јавно место, во смисла на овој закон, се смета местото на кое е слободен пристапот на неопределен број лица без какви и да било услови (улица, училишта, плоштади, патишта, излетнички места, пристаништа, чекални, угостителски, трговски и занаетчиски дуќани и слично) или под определени услови (спортски стадиони и игралишта, средства за јавен превоз, кино сали, театарски и концертни сали, изложбени простории, градини и слично), како и други места кои во определено време служат за вакви намени (земјишта или простории во кои се одржуваат јавни собири, приредби, натпревари и слично).

Ќе се смета дека прекршок од овој закон е извршен на јавно место и кога дејствието е сторено на место кое во смисла на ставот 1 од овој член не се смета за јавно место, ако тоа е достапно на поглед од јавно место (балкон, тераса, дрво, столбиште, скалила и слично) или ако последицата настапила на јавно место.

## II. ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

### Член 4

Кој на јавно место со карање, викање или непристојно и дрско однесување го нарушува јавниот ред и мир ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.66/07, Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.152/15 и Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, објавен во “Службен весник на РСМ“бр.171/22 во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Член 5**

Кој на јавно место со фрлање или кршење шишиња, чаши или други предмети ги вознемирува граѓаните или ја загрозува нивната безбедност ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност.

**Член 6**

Кој на јавно место се оддава на пијанство или во пијана состојба го нарушува јавниот ред и мир ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

**Член 7**

Кој со малтретирање на друг во стан ги вознемирува соседите, со што ќе предизвика интервенција на полицијата, ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

**Член 8**

Кој го нарушува мирот на други со пеење, користење на музички инструменти, радио и телевизиски апарати и други технички уреди, како и со механички извори на врева (мотор и слично), во периодот од 15,00 до 18,00 часот и по 23,00 часот до 6,00 часот наутро, полицијата ќе го спречи и ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба на правното лице од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци и за одговорното лице во правното лице од 50 до 500 евра во денарска противвредност.

Владата на Република Северна Македонија ќе донесе подзаконски пропис со кој ќе утврди во кој случај и под кои услови се смета дека е нарушен мирот од ставот 1 на овој член.

**Член 9**

Кој на јавно место организира борба меѓу животни и предизвикува негодување на граѓаните или ја загрозува нивната безбедност ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

**Член 10**

Кој на јавно место со малтретирање, омаловажување, понижување и навредување на друг или со вршење присилба спрема друг ќе предизвика негодување на граѓаните, или ја загрозува нивната безбедност ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

Кој во вршењето на прекршокот од ставот 1 на овој член пројави посебна безобзирност, упорност или дрскост ќе му се изрече глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 11**

Кој на јавно место учествува, предизвикува или поттикнува друг на тепачка ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

Учествувањето во тепачка со намера да се укаже помош или заштита на нападнатото лице или да ја спречи истата не се смета за учествување во тепачка во смисла на ставот 1 на овој член.

Кој прекршокот од ставот 1 на овој член ќе го изврши во група ќе му се изрече глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 12**

Кој на јавно место физички ќе нападне друго лице ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска протвввредност.

Кој прекршокот од ставот 1 на овој член ќе го изврши во група ќе му се изрече глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 13**

Кој омаловажува државен орган, односно омаловажува или навредува службено лице на државен орган или друга институција која врши јавни овластувања во вршење на службата ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

Ако службеното лице од ставот 1 на овој член е полициски службеник на сторителот ќе му се изрече глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 14**

Кој постапува спротивно на наредбата на надлежен државен орган или на овластено службено лице на државен орган за забрана да се пристапува или задржува на определено место ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 15**

Кој не ќе се оддалечи од група на луѓе која овластено службено лице ја повикало да се разотиде во прилики кога јавниот ред е загрозен ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 16**

Кој лажно повикува на помош или пријави настан со намера да предизвика излегување на службено лице на државен орган или на јавна служба ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

**Член 17**

Кој оштетува, уништува или осквернува споменик ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност.

**Член 18**

Кој неовластено отстрани, искине, замачка, оштети или на кој било начин ги изложи на подбив државните симболи на Република Северна Македонија, симболите на припадниците на заедниците или истакне знаме или грб кој не ги содржи обележјата утврдени со закон ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 19**

Кој се оддава на проституција, како и издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба на правното лице кое врши угостителска дејност ако издава, односно става на располагање простории за вршење на проституција од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

За прекршокот од ставот 2 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност.

**Член 20**

Кој се оддава на уживање на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 21**

Кој овозможува присуство на малолетни лица во угостителски објекти или простории за забава (кафеани, ноќни барови, дискоклубови и слични објекти) подоцна од 24,00 часот ќе се изрече глоба на:

- микротрговци во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност, мали трговци од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност, средни трговци од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност и големи трговци од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност и
- одговорно лице во трговско друштво кое врши угостителска дејност или друго правно лице во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност.

**Член 22**

Кој дава аудиовизуелни слики и други предмети со порнографска содржина или со изразено насилство на малолетни лица, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече глоба од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци и за одговорното лица во правното лице од „50 до 500 евра“ во денарска противвредност.

**Член 23**

Кој лажно се претстави на друг во однос на својата службена функција, односно статус или кој ќе употреби лажни лични податоци како свои или кој ќе потврди туѓи лажни лични податоци, како и кој неовластено носи ознаки на службено лице ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 24**

Кој ќе се затекне да пита ќе му се изрече глоба во износ од 15 до 50 евра во денарска противвредност.

**Член 25**

Кој игра комар или друга игра на среќа што е забранета ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

**Член 26**

Кој го ремети јавниот ред и мир во заеднички простории (столбиште, подрум, заграден двор) на станбена зграда во која не е населен, во двор или простории на училиште во кое не е ученик или во простории на друга јавна зграда ќе му се изрече глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност.

**Член 27**

Кој го оневозможува користењето или оштетува јавни згради, јавни чешми, извори, плажи, паркови, шеталишта или други јавни објекти и инсталации или истите ги загадува со материи и отпадоци со кои се загадува животната средина и природата ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 28**

Кој изведува работа, а не преземе соодветни мерки да обезбеди канал, шахта, бунар, дупка, електрична инсталација и други уреди кои претставуваат опасност за минувачите ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член, на правното лице ќе му се изрече глоба од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци и за одговорното лице во правното лице од 50 до 500 евра во денарска противвредност.

**Членот 29 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, ("Службен весник на РСМ" бр.171/22).

**Член 30**

Кој става или држи пред зграда или ограда, односно на зграда или на ограда уред или предмет што може да го повреди минувачот или да му нанесе некоја друга штета или кој такви предмети исфрла на улица ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба на правното лице од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци и за одговорното лице во правното лице од 50 до 500 евра во денарска противвредност.

**Член 31**

Кој неовластено пука од огнено оружје, употребува пиротехнички средства или сличен експлозивен или лесно запалив материјал, или на сличен начин го нарушува мирот и безбедноста на граѓаните ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

**Член 32**

Кој на јавно место неовластено приреди огномет, факелијада или слична приредба или не преземе мерки за безбедност во смисла на членот 39 од овој закон ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член, ќе му се изрече глоба на правното лице од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци и за одговорното лице во правното лице од 50 до 500 евра во денарска противвредност.

**Член 33**

Ако трговското друштво кое врши угостителска дејност, трговец поединец кој врши угостителска дејност или лицето на кое му е доверено водењето на угостителскиот објект или одговорното лице во трговското друштво кое врши угостителска дејност или друго правно лице не преземаат соодветни мерки за одржување на јавниот ред и мир во нив, односно не го спречат нарушувањето на истиот ако тоа можат да го сторат без опасност по себе или друг, како и ако не го пријават нарушувањето на јавниот ред и мир во полициската станица од општа надлежност ќе се изрече глоба на:

- од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци,
- трговец поединец кој врши угостителска дејност во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност и
- одговорно лице во трговско друштво кое врши угостителска дејност или друго правно лице или лицето на кое му е доверено водењето на угостителскиот објект во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност.

**Член 34**

Родител или старател чие дете, односно штитеник поради занемарено грижење врши прекршоци од овој закон ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

## III. НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**Член 35**

За прекршоците утврдени со овој закон во случај кога сторителите се малолетни лица, странци, мали, средни и микротрговци прекршочната постапка ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежниот суд.

**Член 36**

За прекршоците предвидени со одредбите од членовите 4, 5, 6, 7, 8, 10 став 1, 22, 24, 25, 26, 27, 28 став 1, 30 став 1, 31 и 32 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на Комисијата, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците утврдени во членовите 9, 10 став 2, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 23, 28 став 2, 30 став 2, 33 и 34 од овој закон, прекршочната постапка ја води надлежен суд.

### Член 36-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.

## IV. ПОСЕБНИ ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 37

За прекршоците утврдени со членовите 5, 11, 17, 18, 19, 20, 22, 24, 25, 31 и 32 од овој закон се изрекува и посебна прекршочна мерка одземање на предмети што се употребени за извршување на прекршокот или настанале со извршување на прекршокот.

Полициските службеници (овластени службени лица) на Министерството за внатрешни работи во случаите од ставот 1 на овој член можат привремено да ги одземат предметите, согласно закон.

### Член 38

За прекршокот од членовите 8 и 32 на овој закон комисијата на Министерството за внатрешни работи на правното лице може да му изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три до 15 дена.

За прекршокот од членот 21 на овој закон судот на правното лице може да му изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од три месеци до две години.

## V. ПОСТАПКА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ОГНОМЕТ, ФАКЕЛИЈАДА ИЛИ СЛИЧНИ ПРИРЕДБИ

### Член 39

Палење ракети и приредување на огномет, факелијада или слични приредби мора да се пријави во Секторот за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје ќе се одржи приредбата најдоцна пет дена пред почетокот на приредбата.

Во пријавата од ставот 1 на овој член се наведува местото, времето и целта на палењето, односно одржувањето на приредбата, бројот на факлите, односно количеството на пиротехничките средства што ќе се употреби и мерките за безбедност што ќе се преземат.

Пријавувачот е должен да ги спроведе мерките за безбедност што ги навел во пријавата, како и мерките што му ги определил Секторот за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи.

Секторот за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи на кого му е поднесена пријавата може да го забрани палењето на ракети, односно одржувањето на приредбата ако тоа го бараат причините на безбедноста.

Писменото решение од ставот 4 на овој член ќе се достави на пријавувачот најдоцна 48 часа пред одржувањето на приредбата.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 40

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за прекршоците против јавниот ред и мир ("Службен весник на СРМ" број 25/72, 30/72, 29/83, 34/83, 51/88 и 19/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 26/93).

### Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА
## ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
## НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР
## ("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ" бр.152/15)

### Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА
## ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
## НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР
## ("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ" бр.171/22)

### Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".